РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-477/4

07.10.2024 год.-viti

Скопје - Shkup

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 09.10.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | -720/12 | | |

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**за почеток со работа студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) „Физика на атмосфера-метеорологија“ на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Физика на атмосфера-метеорологија“ на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

По добивање на Решението за акредитација бр. 08-949/6 од 31.05.2024 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Природно-математички факултет при Универзитет „Св Кирил и Методиј“ се обрати со барање бр.02-720/11 од 14.06.2024 година до Агенција за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-477/1 од 18.06.2024 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Физика на атмосфера-метеорологија“ на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-477/2 од 10.09.2024 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 12.09.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-477/3 од 18.09.2024 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Физика на атмосфера-метеорологија“ на Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, се исполнети условите, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Директор/Drejtor
Dr. Rasim Zuferi

Изработил/Përgatiti: Милена Ефремовска

Одобрил/Lejoi: Sevgil Mureti

Доставено до:
- Високообразовната установа;
- Архивата на АКВО